Институт за општествени и
хуманистички науки
Бр. 46/2017
06.03 2017 год.
СКОПЈЕ

Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, на седницата, одржана на 27.12.2016 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд под наслов **„Родово интегрирање: интерсекционалност и работна сила“**, поднесена од кандидатката Субајете Зенки, во состав: проф. д-р Катерина Колозова, доц. д-р Викторија Боровска и доц. д-р Ана Блажева.

Комисијата се заблагодарува за укажаната доверба и откако го прегледа магистерскиот труд, на Научно-наставниот совет го поднесува следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. Библиографска белешка за кандидатката**

Субајете Зенки е родена на 25.03.1966 во с. Симница, Гостивар, Р. Македонија. Кандидатката дипломирала во 1995 година на универзитот во Приштина на факултетот за природни науки, одел за биологија и хемија. Исто така таа дипломирала на Природно математичкиот факултет при Државниот Универзитет во Тетово, во 2010 година, на отсекот биологија. Во досегашното искуство во невладиниот сектор, Зенки се занимавала со проекти кои се однесувале на родовите прашања, како што се женските права, еднаквоста, образованието и социоекономскиот статус на жените. Моментално, таа работи како Специјален советник на вицепремиерот за европски прашања.

**2. Кус опис на трудот**

**2.1 Предмет** на истражувањето на овој труд се родовото интегрирање, резултатите, предизвиците и разните влијанија на примената на истиот, теориската рамка на терминот интегрирање (mainstreaming), влијанието на другите концепти и движења, постигнувањата и пречките за успешно аплицирање на родовото интегрирање како и влијанието на интерсекционалноста.

**2.2 Целта** на магистерскиот труд со наслов „Родово интегрирање: интерсекционалноста и работната сила" е да го истражи концептот на интегрирање на родот, посебно преку делата на разни авторитети од областа не феминистичката теорија и наука, како што се Џудит Батлер, Бел Хукс, Кимберле и други.

## 2.3 Структура на трудот

Магистерскиот труд на Субајете Зенки **„Родово интегрирање: интерсекционалност и работна сила“**, е напишан на 71 страница, од кои 68 се основен текст на тезата, а 3 страници се користена литература.

Тезата е составена од:

1. **Вовед**
2. **Концептот на интегрирање на родот (gender mainstreaming)**
3. **Дали интегрирањето на родот ги дало посакуваните резултати? Споредбена анализа на податоци од средина на 90-тите до 2000-та кога „женски права"беше преферирам термин**
4. **Дали терминот род е денес (II деценија 21 век) премногу „истрошен" од феминизмот**
5. **Заклучоци**

Во **Воведот** е објаснет терминот родова интеграција, еднаквоста, рамноправноста и зајакнувањето на жените. Со појавување на терминот интерсекционалност (intersectionality) во 1989 година започнал посериозниот пристап за анализирање на причините за родовата нерамноправност преку пресеци на класа, раса и сл. Во овој дел, Зенки истакнува дека интерсекцискиот пристап е од голема важност ако сакаме да имаме позитивни резултати за родовата еднаквост за сите, без разлика на класа, раса, политичко и религиско убедување, како и место на живеење.

Кандидатката во поглавјето **Концептот на интегрирање на родот** детално го објаснува овој концепт и дава дефиниции за тоа што претставува поимот род. Во овој дел е дефиниран и поимот интерсекционалност. Според интерсекциската перспектива, нееднаквостите никогаш не се резултат на еден фактор или едни исти фактори. Напротив, тие се резултат на вкрстување на различни општествени локации (како што се на пример раса, етничка припадност, пол, класа, сексуалност, место на живеење, возраст, инвалидност, способност, статус, миграција, религија итн ) на односите на моќ и искуства.

Поглавјето **Дали интегрирањето на родот ги дало посакуваните резултати? Споредбена анализа на податоци од средина на 90-титедо2000-та кога „женски права"беше преферирам термин** говори за тоа дека и после три декади активизам на феминистките и феминистите на полето на развој и еднаквост во теорискиот и практичниот дел, повеќето институции се уште треба да бидат потсетувани за родовата анализа на нивната работа. Се уште постои потебата за лобирање и настојување на тоа

дека интегрирањето на родовата анализа прави квалитативна разлика. Заклучокот од ова поглавје е дека и покрај воведување нови практики на одредени места сепак институционалните промени во поглед на интегрирањето на родот продолжуваат да бидат неостварливи, односно дека праксата се уште не ги дава посакуваните резултати.

Во поглавјето **Дали терминот род (gender) е денес (II деценија 21 век) премногу „истрошен" од феминизмот?** Кандидатката го објаснува терминот феминизам како и историјатот на феминистичкото движење претставено низ четирите бранови на феминизмот. Во овој дел, исто така, е разработена и неадекватното или погрешно сфаќање на феминизмот, неговите цели и општо родовата еднаквост.

Во поглавјето **Заклучоци,** Зенки потенцира дека една од најважните лекции од напорите за спроведување на стратегијата за родова интеграција е дека инкорпорирањето на родовата перспектива во сите области на општествениот развој не е важно само за постигнување на родова еднаквост, туку е од суштинско значење за постигнување на други важни цели. Бидејќи, како што истакнува, одржлив развој е можен само кога родовите перспективи се идентификувани и се ставени како интегрални елементи во сите области на работата. Затоа, приоритет треба да се даде на решавање на предизвиците на родовата еднаквост како важно средство за обезбедување на целосна имплементација на целите.

### 3. Заклучни констатации и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека магистерскиот труд со наслов **„Родово интегрирање: интерсекционалност и работна сила"**, поднесен од кандидатката Субајете Зенки дава теоретски придонес во областа на родовите студии, но, исто така, претставува и оригинален научно-истражувачки придонес.

Трудот е структуриран на јасен и прегледен начин, и е поткрепен со релевантна библиографија. Со него, кандидатката докажува дека ги совладала научно-истражувачките и методолошки постапки во изработката на самостоен научен труд.

Врз основа на увидот на трудот и врз основа на горе изнесениот заклучок, Комисијата позитивно го оценува магистерскиот труд на Субајете Зенки под наслов наслов

**„Родово интегрирање: интерсекционалност и работна сила“.** Комисијата има чест да му предложи на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје да ѝ одобри јавна одбрана на кандидатката Субајете Зенки.

Скопје, 06.03.2017

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА:**

1. **Д-р Катерина Колозова, редовен професор, член на комисијата**

2. **Д-р Викторија Боровска, доцент, член на комисијата**

3. **Д-р Ана Блажева, доцент, член на комисијата**